Ило ТРАЈКОВСКИ

УДК: 316.444

# СОЦИЈАЛНАТА ПОДВИЖНОСТ И ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА: ТЕОРИСКИ РАМКИ

***Кратка содржина***

*Во трудот се прикажуваат најзначајните теориски сознанија за местото на социјалната подвижност во проучувањето на политичката партиципација. Се покажува дека интересот за истражување на социјалната подвижност е нагалсено присутен од самото конституирање и развитокот на социологијата на политиката како засебна социолошка дисциплина во текот на шеесеттите години на дваесеттиот век. Поврзаноста меѓу социјалната подвижност и политичката партиципација се согледува во рамките на класичните и современите социолошки теории за социјалната стратификација и теоријата за демократијата.*

***Клучни зборови:*** *СОЦИЈАЛНА СЛОЕВИТОСТ, СОЦИЈАЛНА ПОД ВИЖНОСТ, ДЕМОКРАТИЈА, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЦИПАЦИЈА.*

## ВОВЕД

Во последните дваесеттина години во структурата на македонското општество се одвиваат интензивни и екстензивни, квантитативи и квалитативни промени. Извор на тие структурните промени се промените во сите општествени подсистеми, економскиот (стопанскиот, финансискиот, трговскиот) социјалниот, политичкиот, здравствениот, правниот културниот, вредносниот и со него поврзаниот подсистем на личностите – да ги спомененеме само најзначајните. Социолошки синтетизиран израз на овие промени наоѓаме во промените во социјалната слоевитост, односно промените во она што со терминологијата на нашата постара социолошка мисла би се нарекло „класна структура на општеството“.

Овој сегмент на структурата на македонското општество го обликуваат четри основни процеси: осамостојувањето на Република Македонија како суверена држава, економската криза и економ-

ската преобразба содржана во воведувањето на пазарното стопанство, преобрзбата на сопственичките односи и внатрешно политичкиот развиток, односно демократизацијата.

Првиот процес, доведува до формирање на низа нови политички и социјални институции. Тој отвора нови општествени положби, што во крајна линија значи и нови луѓе на нови и помалку или повеќе престижни и влијателни места. На пример, со осамостоувањето на Републиката и нејзиното формирање како суверена држава неизбежно е формирањето на слој на амбасадори, советници амбасадори, конзуларни работници и бројни други положби кои на еден дел македонски граѓани им овозможува поинакви животни шанси.[1]

Вториот процес -- економската криза и економската преобразба – е најзначаен и заедно со третиот – промената на сопственичките односи – ја сочинуват најсилната струја на транзициониот бран. Под нивно влијание во изминатите пет години тече процес на жестока и брза социјалнослојна поларизација на населението. На една страна, постојано расте бројот на невработените, на сиромашните и на бедните, а на друга страна, расте бројот на луѓето ангажирани во ситната, средната и крупна, легална и нелегална трговија со стоки и пари.[2]

Паралелно со раслојувањето врз основа на прераспределбата на новосоздадената вредност, односно, платите и добивките, во тек е и раслојување врз основа на прераспределбата на старата вредност, односно на националниот капитал. На тој начин, на една страна, се концентрираат сиромаштвото и социјалата, а на друга страна, богатството и поседот. Меѓу овие две основни социјални категории опстојува сè уште големиот број на „буџетари“ – најбројната социјално слојна категорија од аспект на изворот на платите. Структурните процесите кои ја менуваат социјалната положба на луѓето во оваа категорија условуваат тие, својот „значен друг“ да го лоцираат час во „социјалата“ час во „багателата“.

---

[1] За илустрација, пред осамосјотувањето на Републиката тогашниот секертаријат за односи со странство броеше триесеттина луѓе. Денес, откако овој државен орган прерасна во класично Министерство за надворешни работи брои над триста лица.

[2] Кога велиме „трговија со стоки и пари“ не замижуваме пред фактот дека во овие времиња и луѓе станаа стока и нивната вредност се мери преку пари. Трговијата со луѓе – жени и деца - заедно со трговијата со дрога и оружје е феномен кој силно влиаје врз социјално слојната структура. Има бројни докази за поврзаноста на овие криминални и мафијашки кругови од македонското општество со кругови од политичката и деловната елита во земјата. Покрај тоа, во активностите на овие кругови се инволвираат и пониски слоеви од населеноето кои извршуваат различни измеќарски работи за потребите на семејствата и домаќинствата на „босовите“.

Теориски, промените во социјалнослојната структура и заемноста меѓу социјалните слоеви кои се создаваат, во голема мерка ја одредуваат и ќе ја одредува иднината на македонското општество во целина.[3] Но, најмногу од сè промените во оваа сфера ги одредуваат перспективите на политичкиот развиток. Ова оттаму што, прашањето кој ја има власта или кој владее во едно општество, е едно од најзначајните прашања во сите класични и современи дискусии за промените во социјалното раслојување и со тоа поврзаниот проблем за социјалните нееднаквости (Duberman. 1976:67). Демократскиот политички систем, социолошки, се посматра како низа од специфични социјални односи, во политиколошката теорија означени со синтагмите „политички процеси“ и „политичка партиципација“. Од стојалиштето на социологијата на демократската политика, „народот“ – нормативниот титулар на власта во демократскиот политички систем – е социјално раслоен. Ова, заедно со фактот дека демократскиот политички систем во современото општество институционално се изградува врз основа на парадигмата за одвојување на политичкиот од социјалниот живот, од една страна, и врз основа на принципот на претставништвото, од друга страна, значи дека прашањето кој владее треба да се допрецизира и да гласи, кој колку може да владее и, оттука, кој навистина владе?

Во согласност со постулатот дека демократскиот политички систем обезбедува формална политичка слобода и еднаквост, решението на овој проблем има за претпоставка анализа на анатомијата и на капацитетите и можностите, т.е моќноста да се учествува во политиката и, на тој начин, моќта да се владее. Социологијата ги открива капацитетите на граѓаните за владеење со посредство на анализа на распредлбата на моќта меѓу нив. Теориски, социлогијата на демократсата владеачка се елаборира со посредство на поимите социјалната слоевитост и политичка партиципација. При тоа тезата за социјалнослојната условеност на учеството на граѓаните во политиката се докажува со два аналитички модели: структурен и динамички модел.

Хипотетички формулиран првиот модел тврди дека политичката партиципација има социјалнослојна матрица, а вториот дека

---

[3] Секако, развитокот на македонското општество во транзиција нема да зависи исклучиво од збиднувањата на ова ниво. Внатрешните односи во Македонија воопшто, а меѓуслојните особено не се автономни. Слабата економска супереност, политичката екологија и сл. се значајни хетерогени фактори. Но сепак. не е сеедно дали во случај на внатрешни или надворешни закани ќе мора да се смета на педесет илјади или на пет илјади социјални случи, на сто и педесет или на петнаесет илјади тезгароши на ситно, на броен и богат или на тенок и сиромашен среден слој итн.

природата и карактерот на социјалната слоевитост и нејзината корелација со политичката партиципација е одредени од степенот и типот на промените во социјалнослојната структура, т.е. од степенот и типот на социјална подвижност. Во продолжение се назначуваат главните теориски рамки на социолошката анализа на односот меѓу социјалната подвижност и политичка партиципација.

## 1. Социјалната подвижност во теориите за социјалната слоевитост: Маркс и Вебер

Поимот социјална подвижност (анг. social mobility; гер. gesellschaftliche Beweglichkeit, фр. mobilité sociale, рус. общественная подвижност) и категоријалната рамка со која се дефинира се составни елементи на социолошките теории за социјалната слоевитост, односно социјалното раслојување (анг. social stratification; гер. gesellschaftliche Stratifikation, фр. stratification sociale, рус. общественная стратификация), а преку нив и на социолошките теории за социјалнослојната структура (анг. social structure, гер. gesellschaftiche Struktur, фр. structure sociale, рус. общественная структура). За тоа сведочат подолу наведените примери на формални дефиниции на поимот социјална подвижност:

„Терминот социјална подвижност се однесува на процесот преку кој индивидуите се движат од една во друга *положба во општеството* – положби кои во согласност со општиот консензус имаат специфични вредности. Истражувајќи ја социјалната подвижност ние го анализираме *движењето* на индивидуите од положби кои имаат одреден ранг во положби кои во општествениот систем имаат *повисок или понизок ранг*“ (Lipset & Bendix 1959: 1-2, курзивот, И.Т).

„Социјалната подвижност може да се дефинира како движење на индивидуите или на групите од еден *социјален стратум* во друг“ (Duberman 1976: 93, курзивот, И.Т).

„Во анализите на стратификацијата мобилност значи движење (или одсуство на движење) меѓу различните *општествени класи или страти*“ (Rossidess 1990, 98).

Социјалната подвижност претставува движење од еден *слој* во друг (Haralambos, 1989: 38).

Социјалната подвижност значи „движење на индивидуите или социјалните групи во општествениот простор кое произлегува од *отвореноста* на“ општествената класната) структура.“ (*Sociološki Leksikon* 1982: 106-108).

> Општествената подвижност претставува „вертикално и хоризонтално движење на поединци и општествени групи по скалата на општествената структура како резултат на нејзината отвореност" (Социолошки речник, 1996: 200).

Како што може да се согледа, споменатите дефиниции оперираат со клучните категории и поими на теоријата за социјалната слоевитост. Такви се, на пример, категориите: *класа, сшраша,* односно *слој, висок или низок ранг, ошвоеносш* на класната или слојната структура, *движење* и сл. Ваквата категоријална опременост на дефиницијата на социјалната подвижност значи дека методолошка претпоставка за разбирање на теориските контроверзи во дефинирањето на терминот „социјална подвижност" е метасоциолошката анализа на основните категории на теориите за социјалната слоевитост.

Врз основа на методолошката претпоставка дека нормирањето на значењето на поимите е двострано, односно дека тоа може да биде изведено како дефинирање на значењето на некој поим во однос на општиот карактер на искуствените појави кои потпаѓаат под тој поим или да се изведе како одредување на значењето и важењето на поимот во однос на некоја мрежа на поими, метасоциолошката анализа на поимската структура на теориите за социјалната слоевитост може да биде нормативна и формално логичка (Afrić, 1989: 124). На нормативно ниво, анализата се занимава со спознавање на фундаменталните метатеориски премиси содржани во, т.н. „поими рефлексии" од кои се изведуваат и кои ги содржат основните категории со кои се дефинира социјалната слоевитост и врз основа на тоа социјалната подвижност. Формалнологичката анализата се занимава со спознавање на обемот и содржината на поимот социјална слоевитост или социјалнослојна структура.

Нормативната анализа открива дека различните теории за социјалната слоевитост можат да се класифицираат во рамките на два основни теориско методолошки пристапи. Најрепрезентативна и највлијетелена претставничка на првиот е Марксовата, а на вториот Веберова теорија за социјалнослојната стратификација. Ова разграничување има социоонтолошки и социоепистемолошки критериуми. Основен социоонтолошки критериум е начинот на решавање на прашањето за соционтолошкиот статус на колективитетите кои што се означуваат со централните (т.н. „колективни") категории на теориите за стратификацијата/слоевитоста. Марксовата теорија се изведува од премисата за „реалистичкиот" и тоталниот карактер на социјалнослојните колективитети. За разлика од него, Веберовата теорија се изведува од номиналистички метатеориски премиси. Основ-

ните колективни категории со кои оперира неговата теорија се конструкции, односно идеални типови.

Социоонтолошкиот момент на разграничување се надополнува со епистемолошки. На ова ниво, Марксовата теорија е втемелена врз два основни аксиома. Според првиот, холистички аксиом, целината е смисла на деловите или на појавите кои му се достапни на искуството. Според вториот, редукционостички, а некогаш означуван и како детерминистички аксиом, општеството, као такво, но и секоја друга општествена појава – значи и класите – се сводливи на едно затоа што имаат еден детерминирачки фактор. За разлика од ова, Веберовата епистемолошка позиција е полидимензионална и нередукционистичка или како што се изразува Розидес, „мултипричинска и некорелациска" (Rossides, 1978). Во склад со неа светот околу нас е недофатлив со еден потег. Општествената реалност, воопшто, а социјалната слоевитост, особено е хетерогена, историска и смисловна и како таква таа никогаш не може да биде сфатена следејќи ја логиката на само еден единствен фактор на раслојување.

Погореназначените метатеориски елементи резултираат во низа содржинско теориски разлики. Тие не се препознаваат само како разлики во дефинирањето на поимот социјална слоевитост туку и во теориското поврзување на оваа појава со низа други социјални појави, а тоа значи и со политичката партиципација. На формално логичко ниво тие се изразуваат како разлики во обемот и во содржината на социјалнослојните категории.

Основната социјалнослојна категорија во Марксовата теорија се означува со терминот *сопственост* над средствата за производство. Од него се изведува поимот класа како централен колективен поим на неговата теорија за класното социјално раслојување. Класите се дефинираат како тотална појава. Тоа значи тие се единство на економското, културното, идеолошкото и политичкото раслојување меѓу луѓето во општеството. Уште поважно, класите не се едноставно само делови од слојната т.е. класната структура на дадено конкретно општество туку субјекти на самата општествена формација како таква. Основните класите во конкретните општества, според Маркс, им припаѓаат на различни историски стварности. Тие не се еднородни туку разнородни и затоа меѓу себе водат антагонистичка борба на живот или смрт. Така, на пример, буржоазијата во капиталистичкото општество е субјект на стварноста која постои, но која умира, а пролетаријатот субјект на потенцијалната стварност која се раѓа.

Нормативно изведената егзистенцијална исклучивост меѓу класите свој историско социолошки аргумент и потпора наоѓа во достигнатиот степен на развиток на сопственичките односи и стоковната размена. Егзистенцијата е несподелива затоа што е несподеливо и сопството (себството) воопшто, а сопството или сопственоста над средствата за производство, особено. Основна карактеристика и детерминирачки социјален однос на модерното општество, според Маркс, е расцепот и односите меѓу *оние кои имаат* и *оние кои немаат* средства за производство и врз таа основа средства за егзистенција. Тие кои имаат средства за производство имаат сè, пари, статус, власт. Оние кои немаат средства за производство истовремено немаат никакви други ресурси и се целосно зависни. Единствено што им преостанува доколку и тоа капитализмот не им го осакати е силата, т.е револуцијата. Тоа е единстената форма на политика на подредните класи. Но таа политика не е паритципативна, туку реконструктривна. За рзлика од ова, Веберовата теорија за социјалната слоевитост, социјалната подвижност и нивната релевантност за политиката е посложена.

Како најширок и најзначаен извор за анализа на Веберова теорија најчесто се користат неговите искази изнесени во четвртата глава од првата книга на неговото дело *Стопанството и општеството*, насловена: „Сталежи и класи“ и шестото потпоглавје од шестата глава на вториот том од истото дело, насловена: „Поделбата на моќта во рамките на заедницата: класи, сталежи и партии“ (Veber 1976).

Врз основа на овие текстови, може да се заклучи дека клучната категорија на Веберовата теорија за слоевитоста се означува со терминот ***моќ***. Оваа категорија овде го има она место кое во Марксовата класна теорија за социјалната слоевитост го има категоријата сопственост. Во рамките на Веберовата теорија за раслојувањето и за распределбата на моќта во општеството оваа категорија се издига до поимот *статус* или *положба* врз основа на кој Вебер разликува три социјалнослојни колективитети: класи, „сталежи“ и партии. Всушност, трите термини означуваат три различни облици на социјално дејствување и истовремено на раслојување засновани врз три различни облици на моќ.

*Класата* претставува содружнички облик на дејствување заснован на сличностите или разликите во економската моќ и економскиот статус кои се регулираат се економско-техничкиот поредок на општеството. *Сталежите* или, во некои посоодветни преводи „статусните групи“, претставуваат заедничарски облик на социјално дејствување. Тие се засновани на социјалната моќ која произлегува

од разликите во распределбата на угледот или престижот. *Партиите* претставуваат облик на социјално раслојување чија социјална матрица се разликите во распределата на власта, т.е. на легално-политичката моќ. (Veber 1976: II: 30-43)

### 1.1. Синетитизирање на Марксовото и Веберовото наследство

Двата понапред назначени теориско методолошки пристапи (Марксовиот и Веберовиот) се до седумдесеттите години на дваесеттиот век се развиваа како две посебни теории и, врз таа основа како две одвоени и конкурентски истражувачки традиции. Во нашата учебничка литература по социологија првата теорија се означува како „класна", т.е. „марксистичка", а втората се нарекува, „слојна", „стратификациска", или „функционилистика", а многу поретко и веберовска теорија. Но, од седумдесеттите години наваму се забележува се поинтензивно испреплетување и надополнување меѓу овие две теориски и истражувачки традиции. На тој начин настануваат, т.н. *постмарксистички* и *неомарксистички*, на една страна, и т.н. *поствеберијански* и *неовеберијански* теории за социјалната слоевитост, на друга страна.

Станува збор за многу флуидни класификациски категории поради што често се случува да она што еден автор го препознава како, на пример, постмарксизам или поствеберијанизам друг, а не ретко и ист автор, но во друг контекст, да го препознае како неомарксизам, односно неовеберијанизам.

Надоградувањето на Марксовата оставштина има долга историја. Тоа не започнува баш во седумдесеттите години на дваесеттиот век. Нејзнината надоградба ја започна најпрво, ревизионизмот (Бернштајн), потоа продолжи со социјалдемократската критика (Сомбарт, Михелс) и, во текот на седумдесеттите и осумдесеттите години, со постмарксизмот и неомарксизмот (Konrad, Szeléni, Touraine, Marcuse, Mallet, Gorz, Poulantzas, Wright). Нашата социолошка мисла, под влијание, пред се, на делото на српскиот социолог Милан Поповиќ и други (1977), овие промени ги спозна и ги усвои во форма на, т.н. класно-слоен пристап во истражувањето на социјалната, т.е. класната структура на југословенското и, во тој контекст, на македонското социјалистичко општество.

На друга страна, надоградувањето на веберовски инспирираните теории се вршеше со вклучување на елементи од марксистич-

ките теории за слоевитоста. Тоа е особено видливо во делата на претставниците на аналитичката варијанта на конфликтните теории во социологијата, како, на пример, на Дарендорф, Козер, Колинс и други, потоа во делата на претставниците на, т.н. „веберовска левица" како, на пример, Хоркајмер, Маркузе, Хабермас и други. (Wallace & A. Wolf 1986: 63-64)

Историска основа на ваквата теориска конвергенција се промените во самата слојна структура на напреднатите индустриски општества. Интензивната индустрализација и пропратното проширување и продлабочување на личните политичките и социјално економските права и слободи (проширувањето на граѓанственоста) придонесоа за значително отворање на социјалнослојните колективитети едни во однос на други. Положбата на индивидуите и семејствата едни во однос на други веќе не се одредува исклучиво од нивната имотна економска положба ниту пак од положбата на родителите.

Овие промени во матрицата на социјалното раслојување се изразија како промени во структурата и односите меѓу социјалнослојните категории. Пред се, од посебно значење за зголемувањето на интересот за истражувањето на социјалната подвижност е сознанието за подобрувањето на социјалната положба на индустриското работништво и за квантитативниот раст и зголемувањето на општествената значајност на средната класа (или на средните класи). Овие промени теориски се артикулираа во неколку посебни теории како, на пример, теоријата или, според, некои оценки, поедноставно, *тезата за буржуизација на работничката класа* (Kerr), либералните теории за „*општесвото на средната класа*" (Marshall, Galbraith, Aron, Dahrendorf, Lipset), *теориите за „новата работничка класа* (Mallet), за „*новата средна класа*" или за „*интелектуалниот пролетаријат*" (Deppe, Mandell, Gouldner), неомарксистичките теории за *расипничката употреба на вишокот на вредност* (Baran и Sweezy) како и во подоцнежните неолиберални и постмарксистички теории за *постиндустриското општество* (D. Bell, и A. Turen, на пример) со за нив карактеристичните теории за *класата на знаењето*, за технохратијата и други.

Овие теориски проткајувања и продири се резултат на сè позначајното место кое во современите теориски решенија на прашањата за природата на социјалното раслојување и врз карактерот на односите меѓу одделните социјалнослојни групации го зазема истражувањето на процесите и последиците од социјалната подвижност предизвикана од техничко технолошкиот развиток. Судејќи според обемот на превземените истражувања, развиените техники за

прибирање и анализа на добиените податоци, ангажираните институции, истражувачи и средства, меѓународната размена и слично, може да се констатира дека анализата на социјалната подвижност е тема број еден на социолошките истражувања во периодот по втората светска војна.[4] Притоа, анализата на нормативните и формално логичките основи на поимот социјална подвижност во теориите и во истражувањата на социјалната слоевитост ги открива влијанијата на идејно политичките фактори или интереси врз теоријата за социјалното раслојување. Прашањето за мерката и начинот на кој овие влијанија се пренесуваат или можат да се пренесат во емпириското истражување е прашање за местото на социјалната подвижност во социолошката теорија за политиката (Goldthorpe 1987: 1-37).

## 2. Социјалната подвижност во политичката социологија

Според оценките на многумина познавачи на современата социологија, големиот интерес за истражување на социјалната подвижност, пред сè, е резултат на конституирањето и развитокот на социологијата на политиката како засебна социолошка дисциплина. Реченото не значи дека оваа тема не била обработувана во социолошките дискусии водени во текот на првата половина од дваесеттиот век, односно пред конституирањето на политичката социологија како посебна наука. Напротив, историскиот осврт кон местото на анализата на социјалната подвижност во социологијата покажува дека оваа тема е иницирана кон крајот на деветнаесеттиот и почетокот на двесеттиот век. Но, резултатите од историските истражувања покажуваат дека и во овој период интересот за социјалната слоевитост и социјалната подвижност е тесно поврзан со обидите за изведување на социолошка теорија за политиката.[5]

---

[4] Во таа смисла, на пример, Норбер Вилиј заклучува дека „типичната статија во AJS и ASR... била пат анализа на социјалната подвижност, со исцртување на статистичкото влијание на занимањето на таткото врз образованието и другите карактеристики на синот или на ќерката..." (Wiley, 1979: 793-99). Во прилог на ова констатција секако говорат уште два моменти. Прво, од 1981 година до денес се излезени од печат 13 томови на репрезентативното издание *Research in Social Stratification and Mobility* на Jai Press Inc. Greenwich, Connecticut. Второ, од почетокот на 70-тите години до денес постојано се зголемува бројот на истражувачките тимови кои партиципираат во *International Mobility Superfile of the Comparative Analysiss of Social Mobility*.

[5] Така на пример, истражувањата на Ф. фон Хик покажуваат дека „слепилото" и игноранција, карактеристични за односот на либерализмот и на марксизмот од деветнаесеттиот век кон политичката значајност на социјалната подвижност, ги прекинуваат критичарите на либирализмот и ревизионистите (според Goldthorpe, 1987: 3).

Ваквата периодизација и објаснување на зголемениот интерес за социјалната подвижност ги објаснува Џон Голдорп, еден од највлијателните социолози во оваа сфера. Во неговиот обид да ги открие најраните навестувања на социолошката релевантноста на социјалната подвижност, Голдроп, открива дека теориски поттикнувачки искази можат да се изведат од Марксовите анализи на политичките и поконкретно на социјалистичките потенцијали на класната структура и класните односи во американското општество, на развитокот на кредитниот систем, на појавата на средната класа и сл. (Goldthorpe 1987: 3-8)

Уште повеќе, Голдорп, аргументирано докажува дека двете најзначајните и најстимулативни анализи на социјалната подвижност изведени по втората светска војна – анализите на американските социолози Липсет и Бендикс и на Блау и Данкан (Lipset and Bendix 1959; Balu and Duncan 1967) – всушност, настанале како полемичка политичка дискусија на оваа тема со Сорокин, Михелс и Сомбарт. Тројцата последноспоменати социолози, секој на свој начин и во согласност со искуствената евиденција и теориски достапниот категоријален апарат, политичката релевантност на социјалната подвижност ја докажуваат со тезата дека таа влијае врз кристализацијата на класната структура и формирањето на класната свест.

Отворањето на темата за односот меѓу социјалната подвижност и форимирањето на политичката, односно класната свест беше изведено под влијание на одредени нормативно политички премиси и институционални претпоставки. Таквите премиси и претпоставки ги оживотворија претставниците на економскиот и политичкиот либерализам. Ако тие премиси ги опишеме со теориски, кај нас сеуште, најреферентниот критичар на либерализмот, а посредно и извор на претстави за либерализамот – Карл Маркс – тогаш произлегува следното. Историскиот придонес на економскиот либерализам е во тоа што тој ги разруши сите неприродни меѓи помеѓу индивидуите, засновани на наследство, потекло, вера, право. Што би се рекло со термините на теоријата за социјалната стратификација, ги разруши сталешките и кастинските облици на распредела на оштествено вредните добра, и меѓу нив го остави единствено голиот економски интерес. Ништо веќе не е така свето, се може да се измери и се мери со пари. Ова сведување на сите човекови дејствија и творби под еден заеднички именител – парите – има политички последици.

Како историска структурна матрица на социјалната подвижност во модерното општество, капитализмот се развиваше паралелно со продлабочувањето на формално правната слобода, еднаквоп-

равноста на луѓето и партиципативната политичка демократија (политичката граѓанственост). Затоа може да се констатира дека, теоријата за модерното општество достаса до поимот социјална подвижност токму врз основа на нормативно политичките премиси на либерализмот за формално правната еднаквост на индивидуите. Докажувањето на ваквата политичко социолошката условеност на современиот интерес за социјалната подвижност не значи дека поимното определување на оваа појава може да се изведе единствено во рамките на политичката теорија како таква. Матична теориска рамка на овој поим секако е општо социолошката теорија за социјалната слоевитост.

Секоја дискусија и анализа на обрасците и последиците од социјалната подвижност претпоставува некоја затекната структура, односно затекнати социјалнослојни колективитети и односи меѓу нив. Зависно од конкретно историскиот момент, анализата на социјалната подвижност открива или *саморепродукција* на затекнатата структура или процес на нејзина *замена* со нова. Токму затоа, како што беше посочено на почетокот, секој обид за поимно определување на терминот „социјална подвижност" нужно е упатен на теоријата за социјалната слоевитост. Но, ова не значи дека истражувањата на социјалната подвижност претставуваат едноставно пресликување на теорискиот плурализам карактеристичен за социологијата на социјалното раслојување.

Истражувањето на социјалната подвижност има сопствена логика и автентични принципи. Тие доаѓаат до израз најмногу при операционалното дефинирање на социјално слојните категории кои се употребуваат во анализата на поврзаноста меѓу социјалната подвижности и политичката патиципација. Ова прашање ќе биде предмет на разгледување во некој посебен труд.

(Рецензент: *проф. д-р Милева Ѓуровска*)

## ЛИТЕРАТУРА

Abramson, P. R. (1972) „Intergeneratonal Social Mobility and Partisan Choice“ in American Political Science Journal 66:1291-94.

Afrič, V., (1989) *Sruktura sociološke teorije*, Zagreb, Naprijed.

Barber, J., Jr (1970) *Social Mobility and Voting Behavior*. Shicao: Univ. of Chic. Press .

Blau P. (1956) „Social Mobilty and Interpersonal Relations“ *ASR* 21:290-95.

Burstein, P. (1972) „Social Structure and Individual Political Participation, *AJS* 77(6): 1087-1110.

Graaf and N. D. de and P. Nieuwbeerta, 1995) „Class Mobility and Political Preferences: Individual and Contextual Effects“ in AJS 100 (4): 997-1027.

Clark, T and S. M. Lipset (1991) „Are Social Classes Dying?“ *International Sociology* 6:397-410.

Clifford P., and A. Heath (1993) „The Political Consequences of Social Mobility“, *Journal of Royal Statistical Society* 156: 1-11.

De Graff, N.D. and W Utlee (1990) „Individual Preferences, Social Mobility and Electoral Outcomes“ *Electoral Studies* 9:109-32.

Duberman. L., (1976) *Social Inequality: Class and Caste in America*, New York/ J.B. Lippincott Company.

Franklin M. N.. T. Mackie and H. Valen (1992) *Electoral Change: Responses to Evolving Social and Attitudinal Structures in Western Countries*. Cambridge: Cambridge Univ. Press.

Goati, V. (1989) *Politika anatomija jugoslovenskog društva*, Zagred: Naprijed.

Goldthorpe. J., (1987) Social Mobiliti and cloos structure in modern Britain, Oxford: Claremlon Press.

Haralambos, M. (1989) „Poitičko sudjelovanje“ стр. 130-141, во Michael Haralambos, Uvod u sociologiju, Zagreb: Globus.

Held, D. (1988) *Models of Democracy*, Oxford: Polity Press.

Janowitz. M. 1970 *Political Conflict*. Chicago: Chicago Univ. Press.

Kelley, J. (1992) „Social Mobility and Politics in the Anglo-American Democracies“ pp.21-50 in *Social Mobility and Political Attitudes: Comparative Perspectives*, ed. by F. Turner. New Brunswick, N. J: Transaction.

Lester W. M., (1965) Political participation: How and Why Do People Get Involved in Politics? Chicago: Rand McNally.

Lipset, S., M. (1981) „Elections: Who Votes and Who Doesn't?“ стр. 183-187, во Sejmor Martin Lipset, *Political Man*: *The Social Bases of Politics*, Baltimore, Marylend: The John Hopkins University Press, expanded edition.

Rossides, D., (1978) The American Closs System, Boston: Houghtou Miftlin Com.

Turner, F. ed. (1992) *Social Mobility and Political Attitudes: Comparative Perspectives*, New Brunswick, N. J: Transaction.

Weakliem, D. L. 1992 „Does Social Mobility Affect Political Behavior“ in *European Sociological Review* 8:153-65.

Newberta, P. and N. D. (1993) „Intergenerational Class Mobility and Political Preference in the Netherlands between 1970-1986“ *Netherlands Journal of Social Sciences* 29: 27-45.

Knoke, P. „ Intergenerational Class Mobility and Political Party Preferences of American Men“ *AJS* 78: 1448-68.

Veber, M., (1976) *Privreda i društvo*, Beograd: Prosfeta.

Wollcxe R., and A. Wolt (1986) Coutemporary Sociological Theory, New Jersey: prentice-Hall.

Wiley, N. (1979) „Recent journal sociology: the substitution of method for theory“ Contemporary *Sociology* 8:793-99.

Ilo TRAJKOVSKI

## SOCIAL MOBILITY AND POLITICAL PARTICIPATION: THEORETICAL FRAMEWORKS

### Abstract

*The paper reviews the most important theoretical frameworks concerning the place of social mobility in the study of political participation. It is shown that the interest for social mobility studies is strong since the very establishment of political sociology as separate discipline during the 50-s and 60-s of the twentieth century. The long studied relation between social mobility and political participation is reviewed within the classical and contemporary sociological theories of social stratification and the theory of democracy.*

***Keywords:*** *SOCIAL STRATIFICATION – THEORY OF, SOCIAL MOBILITY, DEMOCRACY, POLITICAL PARTICIPATION.*